РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ
ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
Бр.01-352/2
14.04.2009 год.
С к о п ј е

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 14-04-2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1818/1 | | |

**ДО СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**<u>С К О П Ј Е</u>**

**Предмет:** Достава на Извештај

Почитувани,

Во прилог на дописот, согласно член 205 став 1 од Законот за јавните набавки, Ви го доставуваме Извештајот на Државната комисија за жалби по јавни набавки во пишана и во електронска форма, на ваше натамошно постапување.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Маја Малахова**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ**

---

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ПЕРИОД ОД 26.11.2008 ГОДИНА ДО 31.03.2009 ГОДИНА

**Број 01–352/1**
**13.04.2009 година**
**Скопје**

*Врз основа на член 205, став (1), од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/2008 и 130/2008), Претседателот на Државната комисија за жалби по јавни набавки на ден 13.04.2009 година, донесе* ***Извештај за работа за периодот од 26.11.2008 година до 31.03.2009 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки***

# ВОВЕД

## I ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

### I.1 Надлежност и конституирање

Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за решавање жалби во постапката за доделување на договори за јавни набавки, и е самостоен државен орган со својство на правно лице, која има стручна служба во која вработените имаат статус на државни службеници, односно се применуваат одредбите од Законот за државните службеници. Државната комисија има свој сопствен буџет (буџетска ставка).

Државната комисија за жалби по јавни набавки е конституирана со именувањето на претседателот и членовите со Одлука на Собранието на Република Македонија бр. 07-4834/1 од 4 ноември 2008 година, а започна со работа со одржување на својата Прва седница на ден 26 ноември 2008 година.

На Првата седница на Државната комисија беше избран и заменик-претседателот на Државната комисија и беше донесен Деловникот за начинот на работа и одлучување на државната комисија.

На 3 декември 2008 година претседателот на Државната комисија го донесе Правилникот за ситематизација на работни места на Државната комисија, кој се заснова на претходно утврдената организација на Државната комисија во Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Со овие правилници утврдена е организационата поставеност и персоналната екипираност на Државната комисија во делот на Стручната служба каде се предвидува формирање на два сектора, пет одделенија во составот на секторите и две самостојни одделенија, со вкупно предвидени 42 работни места, од кои 39 работни места за вработени со статус на државни службеници и 3 работни места за вработени без статус на државни služebeници (помошен персонал).

Во моментот, Државната комисија функционира во две отстапени канцеларии во просториите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, со вкупна површина од околу 20 метри квадратни (во едната канцеларија е сместена писарницата, а во другата се сместени вработените државни службеници (или вкупно 5 на број), а во истите простории своите работни обврски ги извршуваат претседателот и заменик претседателот на Државната комисија.

Државната комисија, своите седници ги одржува во некоја од слободните сали за состаноци во службените простории на Владата на Република Македонија, на која присуствуваат и членовите на Државната комисија.

Со Заклучок на Владата на Република Македонија од 11 декември 2008 година на Државната комисија и е доделен административно-деловен простор од околу 280 метри квадратни кој се наоѓа на Бул. „Илинден“ бр. 63-а, со кој простор стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, а кој во моментот се користи од страна на Министерството за информатичко општество.

Вселувањето на Државната комисија во новите простории се очекува најдоцна до крајот на мај 2009 година.

Од 4 ноември 2008 година, од кога се именувани членовите на Државната комисија заклучно со 31 декември 2008 година во Државната комисија за жалби по јавни набавки беа редовно вработени само 5 лица, односно само именуваните функционери - претседателот и четирите членови на Државната комисија. Државната комисија на 1 јануари 2009 вработи 2 државни службеници со превземање без објавување јавен оглас согласно Законот за државните службеници, додека за други 3 државни службеници објави јавен оглас, исто така согласно Законот за државни службеници, и постапката за нивно вработување заврши на крајот на месец март 2009 година, односно тие беа вработени во редовен работен однос сметано од 1 април 2009 година.

Со проекцијата за реализација на нови вработувања во Државната комисија во 2009 година се предвидуваат 9 нови вработувања. Доколку се реализираат предвидените вработувања на крајот на 2009 година, Државната комисија би имала вкупно 19 вработени (5 функционери – именувани лица и 14 вработени државни службеници во стручната служба).

## I.2 Внатрешна организација

Внатрешната организација на Државната комисија за жалби по јавни набавки е уредена со посебен Правилник за внатрешна организација кој е донесен во согласност со надлежностите на Државната комисија утврдени во Законот за јавните набавки, Деловникот за начинот на работењето и одлучувањето на државната комисија за жалби по јавни набавки и согласно Уредбата за внатрешна организација на органите на државната управа.

Со внатрешната организација на Државната комисија утврдена со Правилникот се обезбедува:

- законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и на работните задачи
- независност и одговорност при вршењето на задачите, и
- успешно и квалитетно раководење на Државната комисија.

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на Државната комисија за жалби по јавни набавки, согласно со видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и меѓусебна поврзаност и сродност, во Државната комисија се образуваат следниве организациски облици:

**Сектор за општи и заеднички работи, со три одделенија:**

- Одделение за финансиско-материјално работење
- Одделение за стручно-административни работи
- Одделение за информатички систем

**Сектор за решавање на жалби по јавни набавки, со две одделенија:**

- Одделение за решавање жалби по јавни набавки од државни органи

- Одделение за решавање на жалби по јавни набавки од органи на единиците на локалната самоуправа, Градот Скопје и јавните претпријатија

Самостојни одделенија:

**Одделение за управување со човечки ресурси; и**

**Одделение за внатрешна ревизија.**

# ОРГАНОГРАМ
# НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ



# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА И ЗВАЊА ВО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

| Реден број | Назив на работното место | Звање | Степен и вид на образование | Работно искуство во струката |
|---|---|---|---|---|
| СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ | | | | |
| 1. | Раководител на сектор за општи и заеднички работи | Раководител на сектор | VII/1 ПФ - познавање на англиски јазик и работа со компјутер | 5 години, |
| 2. | Помошник на раководителот на сектор за општи и заеднички работи | Пом. на раководителот на сектор | VII/1 ПФ - активно познавање на англиски јазик и работа со компјутер | 4 години, |
| Одделение за финансиско-материјално работење | | | | |
| 3. | Раководител на одделение за финансиско-материјално работење | Раководител на одделение | VII/1 ЕФ - познавање на англиски јазик и работа со компјутер | 3 години |
| 4. | Планирање и следење на буџет и јавни набавки | Советник | VII/1 ЕФ - познавање на англиски јазик и работа со компјутер | 3 години |
| 5. | Пресметка на плати и благајнички работи | Самостоен референт | IV/VI СЕУ/степен ЕФ - работа со компјутер | 3 години, |
| 6. | Ликвидатор | Самостоен референт | IV/VI СЕУ/степен ЕФ - работа со компјутер | 3 години |
| Одделение за стручно-административни работи | | | | |
| 7. | Раководител на одделение за стручно-административни работи | Раководител на одделение | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 3 години |
| 8. | Комуникација и односи со јавност | Советник | VII/1 општествени науки - активно познавање на англиски и/или друг светски јазик и работа со компјутер | 3 години |
| 9. | Преведувач | Виш соработник | VII/1 Филолошки факултет активно познавање на англиски јазик и работа со комјутер | 2 година |
| 10. | Технички секретар на претседателот | Самостоен референт | IV/VI - работа со компјутер | 3 години |
| 11. | Технички секретар на заменикот- претседател | Самостоен референт | IV/VI - работа со компјутер | 3 години |
| 12. | Технички секретар на членови и на раководители на сектори | Самостоен референт | IV/VI - работа со компјутер | 3 години |
| 13. | Економ | Самостоен референт | IV/VI - работа со компјутер | 3 години |
| 14. | Архивски работи | Самостоен референт | IV/VI - работа со компјутер | 3 години |
| 15. | Архивски работи | Самостоен референт | IV/VI - работа со компјутер | 3 години |
| 16. | Возач/Курир | --- | III/IV - возачка дозвола Б категорија | 1 година |
| 17. | Возач на личност | --- | III/IV - возачка дозвола Б категорија | 1 година |

| Реден број | Назив на работното место | Звање | Степен и вид на образование | Работно искуство во струката |
|---|---|---|---|---|
| 18. | Хигиеничар | --- | Основно образование или III/IV | Со или без работно искуство |
| Одделение за информатички систем | | | | |
| 19. | Раководител на одделение за информатички систем | Раководител на одделение | VII/1 ЕТФ/ПМФ информатика; „Факултет за комуникациски науки и технологии - насока комуникациски технологии (компјутерски науки)“- познавање на англиски јазик и работа со компјутер | 2 години |
| 20. | Систем инжењер | Виш соработник | VII/1 ЕТФ/ПМФ информатика; „Факултет за комуникациски науки и технологии - насока комуникациски технологии (компјутерски науки)“; - познавање на англиски јазик и работа со компјутер | 2 години |
| 21. | Администратор | Помлад соработник | VII/1 ЕТФ/ПМФ информатика; „Факултет за комуникациски науки и технологии - насока комуникациски технологии (компјутерски науки)“; - познавање на англиски јазик и работа со компјутер | / |
| 22. | Програмер | Помлад соработник | VII/1 ЕТФ/ПМФ информатика; „Факултет за комуникациски науки и технологии - насока комуникациски технологии (компјутерски науки)“; - познавање на англиски јазик и работа со компјутер | / |
| 23. | Одржување на компјутери | Самостоен референт | IV- ЕТУ-електротехничка насока; познавање на работа со компјутер | 2 години |
| СЕКТОР ЗА РЕШАВАЊЕ ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ | | | | |
| 24. | Раководител на сектор за решавање жалби по јавни набавки | Раководител на сектор | VII/1 ПФ - активно познавање на англиски јазик и работа со компјутер | 5 години, |
| 25. | Помошник на раководителот на сектор за решавање жалби по јавни набавки | Пом. на раководителот на сектор | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 4 години, |
| Одделение за решавање на жалби по јавни набавки од државните органи | | | | |
| 26. | Раководител на одделение за решавање жалби по јавни набавки од државните органи | Раководител на одделение | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 3 години, |
| 27. | Жалби по јавни набавки од државните органи | Советник | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 3 години |
| 28. | Жалби по јавни набавки од државните органи | Советник | VII/1 ПФ/ЕФ - работа со компјутер | 3 години |
| 29. | Подготовка и реализација на седници | Виш соработник | VII/1 ПФ – работа со комјутер | 2 години |
| 30. | Аналитичко-студиски работи | Соработник | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 2 години |
| 31. | Администратор | Помлад соработник | VII/1 ПФ - работа со компјутер | / |

| Реден број | Назив на работното место | Звање | Степен и вид на образование | Работно искуство во струката |
|---|---|---|---|---|
| Одделение за решавање на жалби по јавни набавки од органите на локалната самоуправа, Градот Скопје и јавните претпријатија | | | | |
| 32. | Раководител на одделение за решавање жалби по ј.н. од орг. на л. с., Г. Ск. и ј. п. | Раководител на одделение | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 3 години, |
| 33. | Жалби по ј.н. од орг. на л.с., и Г. Ск. и ј.п. | Советник | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 3 години |
| 34. | Жалби по ј.н. од орг. на л.с., Г. Ск. и ј.п. | Советник | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 3 години |
| 35. | Аналитичко-студиски работи | Соработник | VII/1 ПФ - работа со компјутер | 2 години |
| 36. | Администратор | Помлад соработник | VII/1 ПФ - работа со компјутер | / |
| ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | | | | |
| 37. | Раководител на одделение за човечки ресурси | Раководител на одделение | VII/1 ПФ/ЕФ - познавање на англиски јазик; работа со компјутер | 3 години |
| 38. | Управување со човечки ресурси | Соработник | VII/1 ПФ - познавање на англиски јазик; работа со компјутер | 1 година |
| 39. | Персонална евиденција | Самостоен референт | IV Гимназија/СЕУ - работа со компјутер | 3 години |
| 40. | Изработка на обрасци и потврди | Помлад референт | IV гимназија/СЕУ - работа со компјутер | / |
| ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | | | | |
| 41. | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Раководител на одделение | VII/1 - ПФ/ЕФ - познавање на англиски јазик; работа со компјутери | најмалку 2 години во внатрешна/ надворешна ревизија или финансии |
| 42. | Внатрешна ревизија | Советник | VII/1 - ПФ/ЕФ - познавање на англиски јазик; работа со компјутери | најмалку 2 години во внатрешна/ надворешна ревизија или финансии |

## II. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ПЕРИОД ОД ЗАПОЧНУВАЊЕТО СО РАБОТА НА 26.11.2008 ЗАКЛУЧНО СО 31.03.2009 ГОДИНА

### II.1 СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ НА ПРАВНА ЗАШТИТА

До државната комисија за жалби по јавни набавки во периодот од нејзиното конституирање и почеток со работа на **26.11.2008 година** до **31.03.2009** година пристигнати се **вкупно 530 предмети,** од нив **500 се примени жалби** и **барања за продолжување на постапка** против одлуки за доделување на договори за јавни набавки донесени од страна на договорните органи и истите се решени, или **482 жалби** (**90.94%)** додека останатите се **18 барања за продолжување на постапка за доделување на договор за јавна набавка** (**3,40%),** додека **30 предмети (5,66%)** преставуваат жалби кои се уште не се решени бидејќи се со некомплетна документација или за нив не е платен надомест за водење на жалбена постапка, односно тоа се жалби за кои тече постапката за нивно комплетирање и припремање за одлучување пред Државната комисија

### II.2 СТРУКТУРА НА РЕШЕНИТЕ ЖАЛБИ СПОРЕД ВИДОТ НА ДОНЕСЕНАТА ОДЛУКА (ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ)

| Повлечени жалби | Отфрлени жалби | Одбиени жалби | Уважени жалби, укината одлука | Уважени жалби, поништена постапка | Отфрлени барања за продолжување на постапка | Одобрени барања за продолжувањ е на постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **70** | **62** | **269** | **54** | **27** | **15** | **3** |
| **13,21%** | **11,70%** | **50,75%** | **10,19%** | **5,09%** | **2,83%** | **0,57%** |
| **ЖАЛБИ 482** | | | | | | |
| **ПРЕДМЕТИ 500** | | | | | | |

## II.3 СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОКРЕНАТИ УПРАВНИ СПОРОВИ

До Државната комисија за жалби по јавни набавки во периодот од нејзиното конституирање и почеток со работа **на 26.11.2008 година** до **31.03.2009 година** пристигнати се **25 барања од Управен суд** на Република Македонија **за доставување на одговор на тужба** заради поведен управен спор против конечни решенија на Државната комисија.

За истиот период, до Државната комисија пристигнати се **3 пресуди** од Управниот суд со кои тужбите се одбиваат како **неосновани, 2 пресуди** со кои тужбите **се уважуваат,** а се **поништува решението** на Комисијата, **5 решенија** од Управниот суд со кои **тужбите се отфрлаат**, **3 решенија** од Управниот суд со кои **постапката** по тужбата **се запира,** бидејќи тужителот се откажал од тужбеното барање и **1 решение** со кое **барањето за времена мерка се отфрла** од страна на Управниот суд.

## III. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО ПРАВНАТА ЗАШТИТА И НА СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЦЕЛИНА

Вака огромен процент на решени жалби од страна на Државната комисија се должи пред се на континуитетот во работењето кое Државната комисија успеа да го одржи со претходната Комисија за решавање на жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија, односно многу краткиот период во кој ново избраниот состав на Државната комисија успеа да ги подготви неопходните подзаконски акти и да започне со редовна работа.

Ова, особено добива на тежина ако се знае дека Државната комисија во периодот од именувањето на претседателот и членовите од страна на Собранието на Република Македонија на 4 ноември 2008 година до 31 декември 2008 година не располагаше со сопствен буџет, односно немаше планирани сопствени финансиски средства наменети за својата работа. Во споменатиот период Државната комисија функционираше благодарение на отстапените минимални човечки и материјални ресурси од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Што се однесува до оценката за состојбите во правната заштита и на системот на јавни набавки во целина, Државната комисија постои и работи премногу кратко време за да може да даде релевантна оценка и анализа на состојбите. Но, за овој краток четири месечен период од функционирањето на Државната комисија, може да се забележи голема доверба на економските оператори во самостојноста и објективноста на Комисијата, која се гледа и од фактот што економските оператори брзо и лесно се прилагодија на новите услови на правна заштита, и покрај тоа што правната заштита сега се плаќа (односно, не е бесплатна), економските оператори веруваат во објективна правна заштита за што зборува и огромниот број на поднесени жалби.

Од самите статистички податоци може да се забележи дека половината од поднесените жалби се одбиени како неосновани, што од друга страна говори за

релативно доброто познавање на постапките за доделување на договорите за јавни набавки од страна на договорните органи. И покрај тоа, во овој краток период Државната комисија забележа дека еден дел од вработените кои работат на постапките за доделување на договори за јавни набавки во секторите здравство, образование, социјална заштита, локална самоуправа и помалите државни органи, недоволно го познаваат Законот и процедурите, како и нискиот стимул кој го добиваат за да се занимаваат со вака одговорна и високо-стручна работа.

Во односниот период на постоење, Државната комисија има многу малку оспорени нејзини решенија пред Управниот суд. Двете решенија кои се поништени во периодот кој е предмет на опсервација на овој извештај, се однесуваат на чисто формални причини (едното поради погрешен деловоден број, а другото поради недоволно образложение на решението по однос на клучните наводи за негово одбивање), што пред се, се должи на квалитетното, високо стручно и ефикасно работење на членовите на Државната комисија.

И покрај многу краткиот период на можност за опсервација на системот на јавни набавки, Државната комисија смета дека во периодот кој следи е потребно особено внимание да се обрне на квалитетно стручно оспособување и специјализирање преку професионализација на сите учесници во процесот на јавни набавки, како би се добил поголем квалитет во спроведувањето на јавните набавки, како и соодветни обуки за претставниците на економските оператори кои учествуваат на јавните набавки.

Од страна на Државната комисија е забележано дека во комисиите за спроведување на јавните набавки кај договорните органи и кај економските оператори има многу мал процент на вклучени стручни лица од обласста на правото, што од страна на Државната комисија е лоцирано како сериозен проблем во ажурното и квалитетно извршување на јавните набавки. Ова се однесува и на делот на правната заштита каде е забележан низок квалитет на изработка на жалбите како правен акт и на одговорите на жалбите и одбраната на постапките за доделување на договори за јаван набавка од страна на договорните органи, што секако влијае и на брзината на одлучување на Државната комисија.

Исто така, потребно е да се работи на натамошно заокружување на правната рамка која ги регулира јавните набавки, а особено правната заштита во јавните набавки и реалната судска заштита во процесот на доделување на договори за јавна набавка. Овде, пред се, мислиме на можноста економските оператори да остварат реална надомест на штетата настаната со некоја незаконска постапка за доделување на договор за јавна набавка.

Во наредниот период со зајакнувањето на кадровските и финансиските потенцијали, Државната комисија ќе биде во можност значително да придонесе и директно да влијае на подобрување и на зајакнување на системот за јавни набавки во Република Македонија.

## IV. СОРАБОТНА НА ВНАТРЕШЕН ПЛАН И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

За брз и успешен почеток на работењето на Државната Комисија и најголема заслуга има Владата на Република Македонија која отстапи простор, материјални средства и персонал.

Од самиот почеток на својата работа Државната комисија, исто така оствари одлична соработка и со Бирото за јавни набавки, од кое доби помош по поглед на користење на нејзината веб страница за јавно објавување на решенијата на Државната комисија, што беше пракса и досега, како и вклучување во обуките кои ги организира Бирото за јавни набавки согласно своите законски надлежности и досегашните и идни планирани проекти на тој план, со домашни и странски институции. Со бирото за јавни набавки е остварена и значајна меѓусебна соработка со месечни средби на највисоко ниво и меѓусебно информирање за значајните обврски кои и престоеја на замјава во делот на јавните набавки и посебно на полето на правната заштита во системот на јавните набавки.

Во февруари 2009 година, четворица претставници на Државната комисија учествуваа на дводневна обука за користење на системот на електронски јавни набавки и рамковни спогодби како институт на Законот за јавни набавки, во организација на Министерството за внатрешни работи и Бирото за јавни набавки, која се одржа на Пониква, Кочани.

На 22 јануари 2009 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки оствари првична средба со претставници на SIGMA (Support for Improvement in Governance and Management, A joint initiative of the OECD and the European Union), на која претставниците на SIGMA беа запознати со дотогашните активности на Државната комисија и нејзината кадровска екипираност.

Покрај тоа, им беа презентирани и статистички податоци за остварените работни резултати на Државната комисија, од кои истите беа навистина позитивно изненадени, особено ако се имаат предвид условите во кои работи Државната комисија.

Исто така, на средбата беше договорено да започне директна соработка во областа на обуките за членовите и вработените државни службеници, и тоа:

- минимум 3 обуки за членовите и вработените на Државната комисија
- материјална поддршка за вклучување во обуките кои ги организира Бирото за јавни набавки и други домашни и меѓународни институции
- техничка помош за изготвување на задолжителни правни акти на Државната комисија
- коритење на искуствата на SIGMA во делот на подобрување на законската рамка за јавните набавки
- техничка помош во вид на мини-твининг проект со Државната комисија за проверка на постапката за јавни набавки на Република Хрватска.

Првата обука од оние кои се планирани за оваа година, беше организирана и одржана во Клубот на пратениците во Скопје од страна на SIGMA на ден 01.04.2009 година со тема: „Правните лекови во ЕУ за јавните набавки и најнов развој на состојбите во јавните набавки во ЕУ и во Република Хрватска" на која, покрај преставник на SIGMA во својство на презентери-гости, учествуваа и двајца претставници од Државната комисија за контрола на постапките за јавни набавки од Република Хрватска.

Во месец март 2009 година, беше остварена и прва средба со претставник на Европската комисија во Република Македонија, на која беше изразена подготвеност од нивна страна на повеќе полиња да дадат техничка помош и друга

помош која ја имаат на располагање. На истата средба, беше заклучено да се остваруват почести средби на кои ќе се договорат и конкретни проекти, кои ќе и овозможат побрзо и поквалитетно започнување со работа на Државната комисија.

На 2 април 2009 година, во оценска мисија со цел на прибирање информации за подготовка на извештајот на Европската комисија за Р. Македонија, во Државната комисија беа и претставници на SIGMA и Европската комисија, кои добија најнови информации за развојот на настаните околу работењето на Државната комисија, статистички податоци за решените предмети, кадровското екипирање, опремувањето, очекувањата за сместувањето во новите админстративно-деловни простории, почетокот на работата на веб-страната на Државната комисија, финансирањето на работењето и планираните проекти на Државната Комисија, натамошната соработка со SIGMA и други актуелни прашања. Преставниците на оценската мисија беа задоволни од добиените информации и податоци, и изразија надеж дека при наредната средба ќе можат да видат значителен прогрес во сите области.

## V. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе се насочи на спроведување на своите законски надлежности односно, постапувајќи по изјавените жалби од страна на економските оператори ќе придонесува за доследна примена на законските и другите прописи од областа на јавните набавки.

Во периодот што следува, Државната комисија за жалби по јавни набавки планира да се пресели во новите административно - деловни простории и со постоечките буџетски средства истиот да го опреми, а доколку на Државната комисија и бидат одобрени дополнителни финансиски средства ќе бидат вработени уште најмалку 5 државни службеници, од проектираните 9 нови државни службеници за 2009 година, со што значително би се зајакнала кадровската екипираност, а се во функција на ефикасно извршување на надлежностите на Државната комисија кои и се дадени со Законот за јавните набавки.

Исто така, до крајот на јуни 2009 година треба да се очекува да биде ставена во функција и веб страницата на Државната комисија со што ќе се обезбеди и поголема јавност и транспарентност во нејзината работа, а во овој период исто така, предвидено е и веќе е започната постапка за доделување на едно службено моторно возило за потребите на Државната комисија.

Во овој момент, Државната комисија ја користи веб страната на Бирото за јавни набавки со кое има воспоставено целосна соработка и се очекува истата да биде вклучена во процесот на спроведување на обуки кои Бирото ги организира.

Во 2009 година, во соработка со SIGMA ќе биде одржан уште еден семинар, а планирана е и една студиска посета на претставници на Државната комисија за жалби по јавни набавки на Државната комисија за контрола на постапките за јавни набавки на Р. Хрватска.

Исто така, оваа година по претходно извршените консултации, Државната комисија за жалби по јавни набавки очекува воспоставување и развој на соработката со Претставништвото на Европската комисија во Македонија со реализација на конкретна техничка помош, и друга помош доколку таа е можна.

## V.1 КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

- Вселување во нови соодветни административно – деловни простории и нивно опремување
- Зголемување на вкупните буџетските средства на Државната комисија за жалби по јавни набавки
- Зајакнување на кадровските капацитети
- Функционална веб страна и обезбедување на јавност и транспарентност во работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки
- Обезбедување на соодветни софтверски апликации за побрза, поефикасна и поквалитетна работа на Државната комисија
- Соработка со Биро за јавни набавки и како и учество во подобрување на законската рамка во делот на правната заштита, како и на системот на јавни набавки во Р. Македонија
- Соработка со SIGMA (Support for Improvement in Governance and Management, a joint initiative of the OECD and the European Union), како и со соодветните институции од регионот и следење на развојот на правната заштита во областа на јавните набавки во Европската унија
- Учество на регионални и меѓународни конференции и собири за следење на најновиот развој во системот на јавните набавки во ЕУ.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**М-Р МАЈА МАЛАХОВА**